*Државен студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ

# ,,КОЧО РАЦИН,, БИТОЛА

# за 2021 година



**Битола, 2021 година**

**И З В Е Ш Т А Ј**

ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ

,,КОЧО РАЦИН’’ БИТОЛА ВО 2021 ГОД.

СМЕСТУВАЊЕ

Оваа година сместувањето и исхраната на студентите, примени по Конкурсот за прием на студенти за учебната 2021/2022 г. е 231 студенти. Во новата студиска година, бројот на пријавени легла е 385.

Приемот на студентите во Домот за учебната 2021/2022 г се вршеше врз основа на Конкурс, објавен и спроведен од Министерството за образование и наука, на кој студентите аплицираа по електронски пат. При приемот на секој студент им дадовме протоколи за заштита од Ковид-19 кои ќе важат во Домот.

Во учебната 2020/2021 година во Домот беа сместени 202 студенти.

Сместувањето се вршеше исклучиво согласно листите на примени студенти доставени од Министеерството за образование и наука, согласно Законот за студентски стандард, и тоа:

- Студенти социјални категории
- Студенти редовни
- Студенти стипендисти на Влада на РМ
- Странски студенти кои студираат на македонски јазик ,

Оваа учебна година значително е намален бројот на студентина Универзитетот ,,Св.Климент Охридски,, Битола, кои сстудираат со физичко присуство, што се рефлектира и во намалениот број на сместени студенти во Студентскиот дом, односно оние факултети кои пријавија дека наставата ќе се реализира он лајн.

Исто така во домот се сместуваат и студенти со кофинасирање кои не успеале да влезат во списоците за прием на студенти во Домот, а се редовни студенти.

Цената за сместување на студенте категоризирана согласно бројот на креветите во собите, е непроменета и согласно Министерството за образование и наука, за редовните студенти изнесува:

- за еднокреветна собаа изнесува 3.950,-денари
- за двокреветна соба изнесува 3.750,- денари
- за трокреветна соба изнесува 3.650,- денари
- за четирикреветна соба изнесува 3.450,- денари и
- за петкреветна соба изнесува 3.250,- денари,

Останатиот износ од 3.410.00 ден, до вкупната цена од 3.445.00 ден го исплака Министерството за образивание и наука врз основа на Доставено месечно барање за партиципација, врз основа на доставени листи и заверени со свој потпис од Делот за сместување и Делот за исхрана, и заверени со лепезен печат се доставувани до МОН, додека пак цените за сместување со кофинасирање согласно бројот на креветите изнесува :

- еднокреветна соба изнесува 7.360,- денари
- двокреветна соба изнесува 7,160,- денари
- трикреветна соба изнесува 7,060,- денари и
- четирикреветна соба изнесува 6,855,- денари

Во домот се водат сите пропратни документации и евиденции на студентите, согласно законските обврски, за што говорат Записниците од надлежните органи кои вршат проверки на работата и квалитетот.

Во текот на целата година се вршени активности за подобрување на условите за сместување како и во целост на подобрување на студентскиот стандард од **сопствени средства** и тоа:

- Уредување на големиот двор што го поседува Домот. Се расчистуваа трња, диви капини а во нив и скриени депонии во делови од дворот. Со расчистувањето на задниот дел од Д блок, се отвори светлина во собите од приземје и истите ги оспособивме за сместување на студенти.

- Со акција со студентите сите дрва, преку 120, ги премачкавме со вар за нивна заштита и убав изглед.

- Во летниот период , по иселувањето на студентите,вообичаено, се извршени сите работи на одржувањето на објектите: генерални поправки на сите соби,целокупниот инвентар, водоводна, одводна и електрична инсталација, како и системот на парно греење, и генерално чистење и дезинфицирање на сите објекти.Овие работи се вршени исклучиво од вработените во Домот.

- Генерално се исчистени со перење сите кебиња и перници што ги користат студентите.

-Од сопствени средства купивме **машина за мешање малтер**.

- Во целост се извршени работите на **дезинфекција, дезинсекција и дератизација** согласно Законот, од страна на Центарот за јавно здравје Битола, два пати годишно.

- Извршени се **санитарни прегледи на вработените** согласно Законот, од страна на Центарот за јавно здравје Битола.

- **Чистење на оџаците и обезбедување на сертификат** за заштита на животната средина

- Извршен е **сервис на пламениците за парно греење** пред сезонско пуштање во работа.

-**Редовно се вршени сите сервиси и проверки** согласно законските прописи и во согласност со роковите во кои треба да се вршат истите , за што говорат Записниците од сите инспекциии, кои се без никаква забелешка, а кои беа интензивни во овој период.

- Од сопствени средства набавени се основни средства и ситен инвентар за потребите за непречено обавување на основната дејност во Домот како и поправка и сервисирање на сите апарати

- Читалните по блоковите, ги ставивме во функција

-Од сопствени средства набавивме професионална машина за фарбање.






-Од сопствени средства набавивме 2 (два) Професионални двокрилни фрижидери, Професионален миксер за тесто и Професионална машина за лупење на компири.








**- Во делот на одржување  во објектите:**

- Со професионалната машина за фарбање, самите**го исфарбавме Б-блок втор спрат**.
- После 10 години, поправен и ставен во функција е и **Дојавниот систем за пожар**.
- Реновирање и ставање **во употреба на соби** кои со години биле надвор од употреба
- Со набавката на машината за малтер и **со акција со студентите**ги поправивме (циментиравме) **скалите и патеките** во дворот, затоа што беа искршени и ризични за движење.г)



- Секоја соба во сите четири блока беше темелно преадаптирана према протоколите за заштита од Ковид 19

- Самите ги санираВме и **реновиравме санитарните јазли во Б-блок**, прв и втор спрат.







- Потравка и **крпење на кровните површини**
- **Чистење на олуците** на сите објекти
- Направена е репарација и **поправка на главната водоводна цевка** во Ц-блок каде цевката од дотраеност имаше испукано на многу места.

- Во летниот период, поставивме**<u>ламинат во Д-блок и Б-блок</u>**, втор спрат.




Во тек е постапка за вработување на 1 хигиеничар.

- За **физичко обезбедување** што се врши како физичка заштита на студентите и имотот на Студентскиот дом Битола , **од 22:00 часот до 06:00 часот**, секој ден, се грижи Агенцијата за обезбедување Ројал Битола, со која на студентите им се обезбедува целосна заштита. Истата е ангажирана преку Јавна набавка согласно законските прописи.

- Домот има и **видео надзор пред секој блок** каде се сместени студентите и пред управната зграда ради нивна заштита.

- Поставивме **лед осветлување** во целиот комплекс на Домот.



## ИСХРАНА

Кујната подготвуваше здрава, квалитетна и разновидна храна, проследена со целосно имплементиран НАССП систем. Од услугите на кујната задоволни се студентите бидејќи добиваат храна по сопствен избор.

Така во Домот се готват следните видови на јадења по дневно мени и тоа:

Државен студентски дом
,,Кочо Рацин,, - Битола

**М Е Н И З А С Т У Д Е Н Т И**

***ПРВА И ТРЕТА НЕДЕЛА***

**ПОНЕДЕЛНИК**

РУЧЕК
Тава грав со плескавица, пире со колбас, салата зелка, јогурт, леб
ВЕЧЕРА
Макарони со сирење, тава ориз со стек пилешки, пирошка, пудинг, јогурт, леб

**ВТОРНИК**

РУЧЕК
Мусака со мелено месо, тава ориз со пиле печено,салата сезонска, јогурт, леб
ВЕЧЕРА
Помфрит со селско тавче со стек,бурек со месо, салата сезонска, јогурт, леб

**СРЕДА**

РУЧЕК
Спанаќ со плескавица, шпагети со гулаш,телешка чорба, јогурт, леб,овошје
ВЕЧЕРА
Две јајца со две кренвишли, помфрит со стек пилешки, проја, јогурт, леб

**ЧЕТВРТОК**

РУЧЕК
Селско тавче со свинско месо, помфрит, стек пилешки со ориз,салата сезонска, јогурт, леб
ВЕЧЕРА
Стек похован со гарнир:златна мешавина со ориз, колбас, гибаница, салата сезонска, јогурт, леб

**ПЕТОК**

РУЧЕК
Тава грав со плескавица, компир салата со риба ослич, салата зелка, јогурт, леб
ВЕЧЕРА
Помфрит со стек пилешки, салата сезонска, јогурт, леб

**САБОТА**

РУЧЕК

Компир паприкаш,тава ориз со стек пилешки, салта сезонска, јогурт, леб

**НЕДЕЛА**

РУЧЕК

Помфрит со селско тавче, стек пилешки, салата сезнонска, јогурт, леб

Државен студентски дом
,,Кочо Рацин,, - Битола

**М Е Н И З А С Т У Д Е Н Т И**

***ВТОРА И ЧЕТВРТА НЕДЕЛА***

**ПОНЕДЕЛНИК**

РУЧЕК

Тава грав со плескавица, пире со колбас, салата зелка, јогурт, леб

ВЕЧЕРА

Помфрит со стек пилешки, кифла лисната со кашкавал, ѓеврек со сланина, десерт, јогурт, леб

**ВТОРНИК**

РУЧЕК

Грашак со каре шницла во сос, мусака,салата сезонска, овошје, јогурт, леб

ВЕЧЕРА

Помфрит со копан пилешки, бурек со сирење, салата сезонска, јогурт, леб

**СРЕДА**

РУЧЕК

Пиперки полнети, шпагети со гулаш, чорба пилешка, јогурт, леб, сутлијаш

ВЕЧЕРА

Помфрит со стек пилешки, две јајца со две кренвишли, гибаница, јогурт, леб

**ЧЕТВРТОК**

РУЧЕК

Стек пилешки со ориз, селско тавче со пекарски компир со сусам, салата сезонска, јогурт, леб

ВЕЧЕРА

Пире со колбас,стек пилешки со сос, салата сезонска, јогурт, леб, кифла кроасан

**ПЕТОК**

РУЧЕК

Тава ориз со риба ослич, грав чорбест со плескавица, салата зелка, јогурт, леб

ВЕЧЕРА

Пире со стек пилешки, салата сезонска, јогурт, леб

**САБОТА**

РУЧЕК

Компир паприкаш, тава ориз со стек пилешки, салта сезонска, јогурт, леб

**НЕДЕЛА**

РУЧЕК

Селско тавче со помфрит, стек пилешки, салата сезнонска, јогурт, леб

Новина за оваа година ќе е збогатување на менито со воведување на следната храна: пици и кифли се на барање на студентите и со новата опрема во кујната тоа ќе се реализира.

Истовремено, во состав на кујната работи и бонска продавница од каде студентите можат да купуваат кондиторски и други готови производи.

Набавката на производите исклучиво согласно Законот за јавни набавки.

**Во декември на наше огромно задоволство, МОН и секторот за Студентски стандард, кујната во Домот ја подновија со професионална кујнска опрема и тоа:**

- Дупла електрична фритеза
- Машина за лупење компири
- Индустриски фрижидер
- Машина за сечење сувомеснати производи
- Универзалка за сечење зеленчук
- Пањ за месо
- Печка за пица
- Планетарен миксер

После 40 години, од отворањето на Домот, ова за прв пат е доделена кујнска опрема од страна на МОН.

**Ви благодариме МОН, за подобар студентски стандард!**

## СОВЕТ НА СТАНАРИ - СС

Советот на станари во Домот за студентската 2021/2022 г. е формиран во ноември, бидејки резултатите од конкурсот беа покасно истакнати.Во секој блок беше ставено сооотпштение и повик за кандидирање на претседатели во Советот на станари. За спроведување на постапката на задолжена беше Дијана Богдановска, виш соработник за сместување. Таа формира комисија од редот на студентите за спроведување на постапката. Се кандидираа студенти кои претежно имаат практична настава а со тоа се и поприсутни во Домот и по еден од секој блок. Истиот е избран во следниот состав:

Сара Николовска-претседател од А-блок,

Теодора Прентоска од Б-блок,

Виктор Ѓорески од Б-блок,

Мики Ристески од Ц-блок и

Надица Јовановска од Д-блок.

Секој претседател на блок од Советот на станари е организиран и функционира на следниот начин:

- Секој претседател предлага свој заменик.
- Потоа формира тим од 5 до 7 студенти кои си ги распоредуваат сите соби од блокот, односно студентите, ради добивање на информации, давање на свои предлози или пријавување на проблеми и нивно решавање.
- Секој член од тимот има од 5 до 7 соби со кои комуницира и ги информира студентите
- Се формира група на вибер или месинџер во која ги вклучува сите студенти од блокот за кој се задолжени како претседатели.

Директорката соработува и работи со Советот на станари на следниот начин:

- Состаноци со Советот на станари се оддржува најмалку еднаш месечно и тоа предпладне или попладне, во зависност од нивните обврски.
- На состаноците присуствуваат и замениците на претседателите.
- Се одржуваат состаноци и со тимовите по блокови.
- Состаноци со сите студенти по блокови.
- Преку членот во УО од СС.

Како директор на Домот, можам да кажам дека во Домот ги имаме најдобрите студенти во државата.

**ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА СТУДЕНТИТЕ**

Во кругот на студентскиот дом ,,Кочо Рацин'' Битола има **Амбуланта по општа медицина**, кои се грижат за здравјето на студентите согласно нивните потреби. Со тоа студентите превентивно се обезбедени со потребната примарна здравствена интервенција.

Во организација на Совет на станари спроведовме **1 крводарителска акција декемвриска 2021 год**, а пролетната беше одложена ради ситуацијата со Короната.






**КУЛТУРНО ЗАБАВЕН ЖИВОТ И АКТИВНОСТИ НА СТУДЕНТИТЕ**

За жал, оваа година поради ситуацијата во државата како и на светско ниво, сите активности поврзани со овој дел се стопирани до подобрување на ковид ситуацијата. Одложени се активности од овој вид, но средствата кои се наменети за тоа ги инвестиравме заедно со СС во **набавка на 8 велосипеди**, со тренд во наредната година да го зголемиме бројот.






- Во Домот е обезбедена **добра интернет конеција од два оператори**, која студентите редовно и масовно ја користат за лични и едукативни потреби, особено сега кога имаат и он лајн настава

- Студентскиот дом во соработка со УКЛО ФМ радио од 12-15 часот во Кругот на Студентскиот дом како и во Трпезаријата им пренесува на студентите **музички и информативни моменти** што се од интерес на студентите.

- Поради Короната, немаше спортски натпревари со студенти од другите студентски домови од РСМ во Рамките на ,,Домијада 2021''.

- Терминиво спортската сала ,,Павел Шатев'' кој е во непосредна близина на Домот, во минатата студиска програма не се користеа ради мерките, но оваа година веќе се има **три термини во три дена во спортската сала ,,Павел Шатев''** и тоа: понеделник од 16 до 17 ч, вторник од 15 до 16 ч и среда од 15 до 16 часот.

- Со студентите пролетната **еко акцијата** за уредување на дворот и дрвата во Студентскиот двор се реализира заедно со студентите.

СПОРЕДНА ДЕЈНОСТ

Ангажираноста на Домот во делот на споредната дејност е во целост исполнета.Во текот на 2021 година вршени се услуги од споредна дејност, примавме гости од сместувачо-хотелски тип со домашни и странски гости. Домот ја заврши 2021 со позитивни финансиски реултати.

ФИНАНСИРАЊЕ

Во Текот на 2021 година Студентскиот дом Битола беше финансиран од приходи од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени приходи. Од Министерството беа добиени финансиски средства на име Партиципации во вкупен износ од 10.145.320,00 денари за 2021 година.Приходиодстуденти на име сместување иисхрана оствареницe1.876.305,00ден. Од дополнителната дејност во летниот период, сместување и храна, остварени беа сопствени приходи, во износ од 1.090.972,00 денари.

Домот оваа година ја заврши **со позитивни финансиски** резултати и со исполнување на сите законски и договорни обврски, а финансиските резултати ќе бидат утврдени со завршната сметка.

Вработените во Домот со добро менаџирање од раководството и совесно работење, успеаја да остварат позитивни резултати, со кои успешно ќе можат да стартуваат во наредната година.

Потребите во делот на капиталните вложувања, кои зависат од наменски одобрените средства од Министерството за образование и наука,а кои се од неопходно значење за функционирање и обезбедување на дејноста останувaат да се предвидуваат во наредниот период.

| | |
|---|---|
| Д и р е к т о р | П р е т с е д а т е л |
| На Студентски дом | на Управен одбор |
| Соња Карапец | Јадранка павловска |
| ________________ | _________________ |